**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1203-116/5**
**Скопје, 08.02.2006 година**

**До**
**Јавна здравствена организација –**
**Медицински центар „Др.Трифун Пановски„ - Битола**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавна здравствена организација – Медицински центар „Др.Трифун Пановски„ – Битола (во понатамошниот текст Медицински Центар) за 2004 година кои се прикажани на страните од 15 до 17.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за ревизија на побарувањата и обврските со состојба на 30.06.2005 година на Медицински центар. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Медицинскиот центар за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

   › Д-р Дејан Ристевски - В.Д. Директор на Медицински центар „Др.Трифун Пановски„ – Битола

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 14, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена во периодот од 21.11.2005 година до 21.12.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   › Владимир Милојевиќ-помошник на ГДР и овластен државен ревизор;
   › Цвета Ристовска - самостоен ревизор,
   › Татјана Димитровска - ревизор и
   › Зоран Богоевски - помлад ревизор.
7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,

-дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Врз основа на Решение на Министерство за здравство број 13-10226/20 од 10.12.2004 година, Јавната здравствена организација – Медицински центар „Др.Трифун Пановски„ – Битола, е трансформирана и е преререгистрирана во судскиот регистар и тоа:
- дел од Медицинскиот центар, во кој се врши специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита и ги исполнува условите по однос на просторот, опремата и кадарот како Клиничка болница и
- дел од Медицинскиот центар, во кој се врши примарна и превентивна здравствена заштита и ги исполнува условите по однос на просторот, опремата и кадарот како Здравствен дом.

Правните следбеници на Медицински центар Клиничка болница и Здравствен дом, ќе треба да извршат делбен биланс во однос на имотот, побарувањата и обврските со дата 01.07.2005 година. Истиот сеуште не е спроведен.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***11.1. Неправилна примена на акти:***

11.1.1. Не е склучен Договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за видот, обемот, квалитетот и роковите за остварување на здравствената заштита, односно здравствените услуги, начинот на пресметувањето и плаќањето на здравствените услуги, причините и условите под кои може да се раскине договорот, освен склучениот договор за снабдување на осигурените лица со лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната заштита и за начинот на плаќање на здравствени услуги, спротивно на член 70 од Законот за здравствено осигурување.

Нерегулираните односи помеѓу Медицинскиот центар и Фондот во делот на специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита и производството на инфузиони раствори и галенски препарати, како и непочитувањето на одредбите од договорот во делот на примарната заштита, придонесуваат наплатата на здравствените услуги да се врши авансно и тоа во износи за средствата потребни за исплата на плата, надоместоци и други материјални и тековни расходи од работењето, а не во

висина на вистински извршените здравствени услуги од страна на Медицинскиот центар.

**Препорака:**
Да се склучат договори помеѓу Клиничка болница и Фондот со што ќе се воспостави систем на договорно финансирање, а во делот на примарната заштита да се почитуваат одредбите на склучениот договор.

11.1.2. Медицинскиот центар нема извршено усогласување на постојните акти: Статутот, Правилникот за организација и систематизација на работните места и останатите интерни акти со Законот за здравствена заштита, спротивно на одредбите од истиот. Поради неусогласеност со законската регулатива, Медицинскиот центар своето работење го спроведува по законски одредби кои не се на сила.

**Препорака:**
Актите на правните следбеници на Медицинскиот центар да се усогласат со постојната законска регулатива.

11.1.3. Со планот на трошоци и приходи за обезбедување на здравствените услуги на осигурените лица за наредна година кој Медицинскиот Центар го доставува до Фондот за здравствено осигурување на Македонија, не се предвидуваат средства за исплата на заостанати обврски кон добавувачи од минати години, спротивно на член 26 од Законот за буџетите. Поради превземање обврски кон добавувачи во минати години над планираните средства односно без обезбедени финансиски средства и нивно непланирање во вкупните расходи и во планот за наредна година, предвидените расходи во планот за 2004 година се нереално и необјективно искажани. Вкупно предвидените расходи во планот за 2004 година не ги опфаќаат расходите за обврските кон добавувачи од минати години кои на 01.01.2004 година изнесуваат 224.711 илјади денари.

**Препорака:**
Планот на трошоци и приходи да ги содржи реалните расходи за тековната година.

11.1.4. Медицински центар нема обезбедено имотни (поседовни) листови за правата на недвижностите со кои располага и управува, спротивно на член 10 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите. Истите се необезбедени поради тоа што согласно Тарифникот на Државен завод за геодетски работи за запишувањето на правата на недвижностите во катастарот на недижности потребни се средства во износ од 24.600 илјади денари, што придонесува Медицинскиот центар за евидентираните материјални средства во износ од 263.581 илјади денари да не располага со документација за доказ на сопственоста.

**Препорака:**
Во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија, да се превземе иницијатива запишувањето на недвижностите да се изврши по службена дожност, со што согласно член 10 став 2 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, запишувањето ќе биде ослободено од надоместок.

11.1.5. Медицински центар финансиските трансакции, односно признавањето на приходите и другите приливи како и расходите и другите одливи во текот на годината ги евидентира според пресметковно сметководство (фактурирана реализација), а на крајот на годината приходите и расходите ги сведува според начелото на парично искажување, спротивно на член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради непримена на основното сметководственото начело на парично искажување, ревизијата не беше во можност да се увери во веродостојноста на искажаните билансни позиции.

**Препорака:**
Водењето на сметководството, составувањето и поднесувањето на финансиските извештаи да се врши во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со цел за точно, вистинито, сигурно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции.

11.1.6. Отписот на вредноста на постојаните средства е извршен според Уредба за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните стапки, спротивно на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Погрешната примена на Уредбата, доведува до нереално искажани вредности на постојаните средства и нивните извори во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Отписот на вредноста на долгорочните средства да се врши во согласност со Правилникот.

11.1.7. Набавката на лекови од Листата на лекови се врши врз основа на доставен Преглед на склучени договори за испорака на лекови помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и добавувачите, а по претходно спроведени постапки за јавна набавка од страна на Фондот. Со ревизијата на начинот на набавка на лекови констатирани се следните неправилности:
- Прегледот не содржи податоци за количината на лекови кои Медицинскиот центар може да ги набави во тековната година преку Болничката аптека за потребите на Општа болница, преку магацинот за лекови за потребите на Здравствениот дом и преку аптекарните единици за потребите од лекови во примарната здравствена заштита и
- врз набавените количини од страна на Болничка аптека и магацинот за лекови не се врши контрола од страна на Фондот.

Со вака воспоставен начин на набавка на лекови од Листата на лекови, на Медицинскиот центар му се овозможува да врши набавки со кои постои можност да се надминат договорените количини прикажани во Прегледот, спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки.

**Препорака:**
Да се превземат мерки за утврдување на количините на лековите кои можат да се набават во годината врз основа на доставениот Преглед.

11.1.8. Набавката на дел од лекови и медицински материјали се врши директно од страна на одделни служби (клиники), без постапка од страна на Болничката аптека на Медицински центар, спротивно на член 27 од Статутот на Медицински центар и Наредба број 01-33 од 03.02.2003 година од раководното лице на Медицински центар со која се забранува набавка на

лекови и медицински материјали да се врши од страна на службите туку исклучиво преку Болничка аптека. Поради непочитување на одредбите од Статутот и интерните акти за начинот на набавка на лекови и медицински материјали од страна на одделни служби, како и непревземањето мерки од страна на Медицинскиот центар за санкционирање на воспоставената пракса, ревизијата не можеше да се увери во веродостојноста на превземените обврски по овој основ.

**Препорака:**
Целокупната набавка на лекови и медицински материјали да се врши преку Болничка аптека за потребите на секоја служба при Клиничка болница.

11.1.9. За дел од лекови и медицински материјали, кои во определен момент ги нема на залиха во одделни служби (клиники) на Медицинскиот центар, пациентите вршат индивидуална набавка од определени добавувачи со лични средства, за кои подоцна, врз основа на поднесено барање до Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги рефундираат средствата, спротивно на член 8 и 9 од Законот за здравствено осигурување, според кој со задолжително здравствено осигурување на осигурените лица им се обезбедува правото на основни здравствени услуги односно во болничката здравствена заштита .......„лекови според Листата на лекови што со опш акт ја утврдува Фондот на кој Министерот за здравство дава согласност, како и помошни материјали кои служат за примена на лековите и санитетските и друг материјал потребен за лекување„.
За овие лекови и медицински материјали не се врши евиденција во болничката листа на пациентот и можноста за спроведување на контрола на потрошувачката на истите, не постои.
Поради ненавремено доставени барања од страна на одделни служби (клиники) за потребите на набавка на одделни лекови или медицински материјали, Фондот при рефундирањето на средствата исплаќа средства за лекови за кои не е спроведена постапка согласно Законот за јавни набавки, а контрола врз набавната цена и потрошувачката не постои.

**Препорака:**
Барањата за потребите за лекови и медицински материјали од одделните служби (клиники) до Болничка аптека да се навремени, со листа на сите видови потреби, врз основа на кои, набавката да се врши согласно Законот за јавни набавки од страна на Фондот или Медицинскиот центар, а праксата за набавката на лекови и медицински материјали од страна на самите пациенти да се прекине.

11.1.10. Испораката на лекови и медицински потрошен материјали во Медицински центар се врши:
- од страна на Болничката аптека за потребите од лекови и медицински материјал на службите (клиниките) во состав на болницата, врз основ на доставени барања од самите служби (клиниките) по видови и количини за потребите како и за потребите на Здравствен дом од медицински потрошен материјал, врз основа на требување, систематизирано од месечните барања на секоја амбуланта пооделно. За испорачаните количини Болничката аптека нема евиденција за реалните залихи во секоја служба пооделно;
- од страна на Магацинот за лекови за потребите на Здравствен дом од лекови, врз основа на требовање, систематизирано од месечните барања на

секоја амбуланта пооделно. Во Магацинот за лекови постои евиденција за испорачаните количини на лекови до секоја служба на Здравствениот дом, но не и за количините испорачани до секоја амбуланта пооделно. Постои интерна, рачна евиденција на вредносно задолжување на секоја амбуланта. Со воспоставениот начин на евиденција не постои можност за следење на испорачаните и реално потрошените лекови во секоја амбуланта поединечно односно за реалната залиха во истите;

спротивно на одредбите од Статутот на Медицински Центар Битола. Поради неспроведувањето на одредбите од Статутот како и одредбите од донесеното Решение за формирање на комисија за контрола на потрошувачката на лекови по служби од 16.01.2003 година и невоспоставен систем на контрола на следење и трошење на материјалите во службите (клиники) и Здравствениот дом, Медицинскиот центар нема увид над реалните залихи и потребата од наведените материјали во секое наредно барање од службите (клиниките) и во секоја амбуланта пооделно.

**Препорака:**

Да се воспостават процедури за следење на залихите и потрошувачката во секој сегмет, како и да се донесат упатства за редовна работа на постојната комисија за контрола, а во рамките на Здравствениот дом да се формира комисија, работно тело за следење на залихите и потребите од нови набавки на лекови и медицински материјали.

11.1.11. Со извршениот попис на 31.12.2004 година не е извршено усогласување на побарувањата за извршените здравствени услуги со Фондот за здравствено осигурување на Македонија како ни обврските по основ на примени средства, спротивно на член 21 од Законот сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 33 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Поради неспроведувањето на законската регулатива ревизијата не можеше да се увери во веродостојноста на искажаните побарувања и обврски кон Фондот по овој основ.

**Препорака:**

Да се врши усогласување за побарувањата и обврските со Фондот најмалку еднаш годишно.

### *11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

11.2.1. Испораката на ампуларна терапија – инсулин за потребите на пациентите од примарната здравствена заштита се врши од Магацинот за лекови директно на пациентите. За испорачаните количини се изработува Преглед на издадени рецепти, на кои Медицинскиот центар пресметува маржа во висина од 13 %, спротивно на член 8 и 9 од Законот за здравствено осигурување, според кој со задолжително здравствено осигурување на осигурените лица им се обезбедува правото на основни здравствени услуги. Поради погрешниот начин на вршење на пресметка и евидентирање, како и прифаќањето на фактурите од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, побарувањата од Фондот за извршени здравствени услуги се искажани во поголем износ од реално извршените.

**Препорака:**

Побарувањата од Фондот за извршени здравствени услуги на пациентите за ампуларната терапија – инсулин во примарната здравствена заштита, да се фактурираат без пресметка на маржа за истите.

11.2.2. Со ревизијата на побарувањата за партиципација - учество на осигуреното лице со лични средства во цената на здравствените услуги и на лекови, констатирани се следните неправилности:

- Не се евидентира побарување за средствата од партиципација кои се плаќаат во службите (клиниките) и амбулантите, како и обврската за уплата на истите, како приход на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, спротивно на член 36 од Законот за здравствено осигурување. Истите се евидентираат вонбилансно.

Билансно, односно како составен дел на обврските, се евидентира обврската за партиципација кон Фондот за здравствено осигурување на Македонија во висина на износот на уплатените средства од страна на службите (клиниките) и амбулантите. Непочитувањето на законската регулатива придонесува побарувањата и обврските по овој основ да се нереално и необјективно искажани;

- Не е воспоставена евиденција за побарувања на средствата од партиципација од секоја работна единица со аналитичка пресметка
- за обврската на секоја служба (клиника), амбуланта одделно, спротивно на член 7 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Непочитување на законската регулатива и немањето на процедури, придонесува Медицинскиот Центар да нема евиденција за обврските на секоја служба, амбуланта поодело по овој основ и
- Не се врши уплата на средствата по основ на пресметана и наплатена партиципација на сметката на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, истата се пребива на крајот на годината од износот на авансираните средства од страна на Фондот, спротивно на член 36 од Законот за здравствено осигурување. Поради неуплаќањето на средствата, Медицинскиот центар на ден 31.12.2004 година имал обврска кон Фондот по овој основ во износ од 40.727 илјади денари.

**Препорака:**
Да се врши евидентирање на побарувањата и обврските на секоја работна единица по основ на партиципација во сметководствената евиденција на Медицинскиот Центар. За обврските по основ на уплатената партиципација од страна на осигурениците да се задолжуваат поодело: секоја служба, работна единица, амбуланта и понатаму секое лице кое врши прием на средствата, како и да се донесат процедури или интерни упатства со кои ќе се дефинираат обврските по овој основ во секој сегмент одделно, со што ќе се избегне можноста од затајување и злоупотреба на уплатените средства, а уплатата кон Фондот да се врши континуирано во текот на годината.

11.2.3. За самостојно укажување на здравствена заштита, здравствените работници полагаат стручен испит заради добивање на лиценца за работа, за која се плаќа паричен надоместок. Медицинскиот центар не врши евидентирање во сметководствената евиденција на побарувањата за надоместокот за полагање на стручниот испит, обврската за исплата на надомест на членовите на комисијата како ни обврската за персонален данок по овој основ, спротивно на член 7 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Поради непочитување на законската регулатива, не се евидентирани побарувања од здравствените работници по овој основ, а уплатата на надоместокот претставува приход за Медицинскиот центар во моментот на уплата на средствата по одбитокот на надоместокот на членовите на Комисијата.

**Препорака:**

Да се врши евидентирање во сметководствената евиденција на побарувањата за полагање на стручен испит, како и обврската за исплата на надоместок за членовите согласно доставените пријави на кандидатите.

11.2.4. Со ревизија на залихите на материјали, констатирани се следните неправилности:

- не е донесена Одлука за метод на мерење на залихите на материјали, спротивно на Меѓународен сметководствен стандард Залихи. Поради евидентирање на трошокот на секој материјал по цена на артиклите од последната извршена набавка, ревизијата не беше во можност да се увери во веродостојноста на прикажаните вредности на залихата на материјалите на ден 31.12.2004 година во износ од 30.880 илјади денари, како ни во потрошокот на материјалите во износ од 30.616 илјади денари во текот на самата година;
- при евидентирањето на залихите во текот на годината не се применуваат одредбите за Признавање на приходите и трошоците од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, според кои потрошокот на материјалите во тековната година се смета за расход, доколку е платен во пресметковниот период, освен расходите за трошење на храна, медицински материјали и лекови, кои се признаваат во моментот и во висина на настанувањето на вистинското трошење, спротивно на наведениот Правилник, поради што на ден 31.12.2004 година за потрошената храна, медицински материјали и лекови евидентиран е износ од 156.183 илјади денари, за кој потрошок прикажани се расходи во износ од 163.847 илјади денари, односно постои неусогласеност во износ од 7.664 илјади денари (Прилог број 1);
- не се врши контрола на почетната состојба на залихите искажана во Болничка аптека со истата констатирана по попис на залихите од претходната година, спротивно на член 4 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради невоспоставената контрола, почетната залиха на лекови и медицински материјали во Болничка аптека изнесува 58.065 илјади денари, прикажаната во финансиските извештаи изнесува 15.404 илјади денари, односно постои неусогласеност во износ од 42.661 илјади денари;

- залихата на медицинските материјали и лекови за одделни клиники не се евидентира во вкупната залиха на Болничка аптека, спротивно на член 4 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради примање на лекови директно на одделни клиники. Ревизијата утврди поголем потрошок (излез) на материјали и лекови од Болничка аптека во однос на приемот (влезот и почетната залиха) на истите во износ од 242.720 илјади денари (Прилог број 2).

**Препорака:**

Во најкус можен рок Медицински центар да превземе мерки за донесување и воспоставување на соодветни сметководствени политики и начела: за евидентирање, издавање и признавање на материјалите, храната и ситниот инвентар како трошок, да се изврши усогласување на состојбата на залихите во сметководствената евиденција со евиденцијата во Болничка аптека, со што ќе се овозможи следење на реалниот потрошок на лековите и медицинските материјали, намалување на можноста од злоупотреба при управување и користење, како и утврдување на одговорност во случај на отстапување на состојбата на истите.

11.2.5. Плаќањето на здравствените услуги од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија се врши авансно, а не во висина на реално извршените здравствени услуги во Медицинскиот Центар, спротивно на член 70 од Законот за здравствено осигурување. Поради воспоставениот начин на финансирање, во периодот од 01.01.2001 година до 31.12.2004 година исплатени се средства во износ 187.957 илјади денари повеќе од реално извршените здравствени услуги. Во текот на 2004 година извршените здравствени услуги се во поголем износ од платените средства од страна на Фондот за износ од 34.904 илјади денари.

**Препорака:**
Плаќањето на средствата да се врши во висина на извршените здравствени услуги од страна на Медицинскиот центар.

11.2.6. Склучен е Договор за изведување на градежни, градежно-занаетчиски и инсталатерски работи број 01-441 од 01.12.1999 година за надградба на дел од објектите на Општата болница во износ од 16.787 илјади денари за сместување на донирана опрема - со вредност од 66.697 илјади денари, со која опрема ќе се постигне многу повисок стандард на лекување и згрижување на пациентите, што треба да доведе до намалување на бројот на пациентите кои се упатуваат на лекување во странство. Со Анекс договори зголемена е вредноста на основниот договор за износ од 27.360 илјади денари и тоа во текот на 2001 година за износ од 23.733 илјади денари и во текот на 2004 година за износ од 3.627 илјади денари, спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки. Поради неправилно утврдената финансиска конструкција со основниот договор, измените во проектната документација за градба како и непридржувањето кон роковите за изградба од страна на изведувачот, Медицински центар незаконски превзел обврски во износ од 28.776 илјади денари.

**Препорака:**
При планирањето на потребите за градба да се утврдува реална и точна потреба од финансиски средства за реализација на истите како и изврши претходно обезбедување на средства за истата.

### *11.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите*

11.3.1. Неданочните приходи во Билансот на приходи и расходи се искажани во поголем износ за 313 илјади денари поради отпис на фактури од добавувачи во земјата од минати години, спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Поради ваквиот начин на евиденција билансните позиции се нереално и необјективно прикажани.

**Препорака:**
Признавањето на приходите и расходите да се врши согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

### *11.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба:*

11.4.1. Постои неусогласеност помеѓу позициите Капитални средства и Извори на капиталните средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2004 година во

износ од 147.451 илјади денари, спротивно на член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради непримена на основното сметководствено начело на парично искажување во минати години и неизвршено усогласување на сметките при промената на истите, што придонесува билансните позиции искажани во финансиските извештаи да се нереални и необјективни.

**Препорака:**
Да се усогласи состојбата на сметките искажана на ден 31.12.2004 година согласно начелото на парично искажување.

11.4.2.Со Програмите за здравствена заштита донесени од страна на Владата на Република Македонија утврдени се мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. За дел од извршените здравствени услуги по одделни Програми, за износот на средствата за здравствени услуги и лекови на осигурените лица, намалени за износот на партиципацијата, не е склучен Договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за регулирање на меѓусебните односи, спротивно на одредбите од Програмите за здравствена заштита. Нерегулираните односи помеѓу Медицинскиот центар и Фондот, како и непреземањето на мерки за наплата на вкупните побарувањата по основ на Програмите, придонесува Медицинскиот центар да има побарувања во износ од 25.779 илјади денари.

**Препорака:**
Да се склучат договори помеѓу Медицинскиот центар и Фондот, како и да се превземат мерки за наплатата на побарувањата за извршените здравствени услуги согласно Програмите.

11.4.3.Побарувањата од физички лица за извршени здравствени услуги се побарувања од физички лица кои имаат статус на здравствено осигурени лица, но поради неплаќањето на придонесот за здравствено осигурување од страна на работодавците, не можат да ги остварат правата од задолжителното здравствено осигурување. За истите се извршени здравствени услуги, без комлетна документација за доказ на осигурувањето при приемот на лекување, спротивно на член 27 од Законот за здравствено осигурување. Поради ваквиот начин на прием на пациентите, Медицинскиот центар има побарувања по овој основ во износ од 22.613 илјади денари.

**Препорака:**
Приемот на пациентите да се врши во согласност со одредбите од Законот. Исто така Фондот треба да превземе мерки во однос на законската регулатива за оваа категорија на осигуреници, бидејќи согласно член 52 од Законот за здравствено осигурување „За осигурениците за кои Фондот ќе утврди дека придонесот не е редовно уплатуван или уплатата задоцнила повеќе од 60 дена, правата од задолжителното здравствено осигурување на осигурените лица се ускратуваат, освен правото на итна медицинска помош„.

Истите сеуште се во редовен работен однос и се дел од осигурениците кои се осигуруваат задолжително согласно член 5 од Законот за здравствено осигурување, а немаат можност за остварување на правата од задолжително здравствено осигурување.

### *11.5. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

### *11.5.1. Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџет на соодветни ставки и спротивно на законските прописи*

- Финансискиот план за 2004 година е донесен со задоцнување на ден 27.02.2005 година, без претходно утврдена рамка од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Планот е изготвен на ниво на Медицински центар, без поединечно утврдени износи на трошоците за Општата болница, понатаму за секој оддел (клиника) пооделно како и за Здравствениот дом пооденичено, спротивно на Законот за буџетите. Непочитувањето на законската регулатива придонесува трошење на средствата да се врши без соодветна рамка за истите.

**Препорака:**
Донесувањето на финансискиот план за намените за кои што ќе се користат средствата да се врши навремено и поединечно за секој оддел (клиника) пооединечно.

- Медицински центар нема донесено соодветен акт за начинот на користење односно утврдување на дозволениот лимит на направени трошоци по корисник за користење на службени мобилни телефони, при што во сметководствената евиденција се искажани трошоци за оваа намена во износ од 803 иљади денари, спротивно на Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката. Отсуството на соодветен акт за утврдување и регулирање на соодветното право на користење го оневозможува следењето на законското и наменското трошење на средствата.

**Препорака:**
Да се донесе акт за регулирање на правото на користењето на службените мобилни телефони.

### *11.5.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

- Не е склучен договор за извршување на групна набавка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за набавки на лекови и медицински материјали, спротивно на член 13 од Законот за јавни набавки.
- За потребите на осигурениците, Службата за медицинско снабдување со лекови и санитетски материјали - градски аптеки, во текот на 2004 година вршела набавки на лекови од Листата на лекови од понудувачи на регистрирани лекови, без спроведена постапка за јавна набавка со веледрогериите. Нарачката и набавката е вршена директно од страна на раководното лице на аптеките.
- Вршени се набавки од мала вредност за одреден вид или група на стоки, повеќе пати во годината, спротивно на член 72 точка 2 од Законот за јавни набавки, во износ од 335 иљади денари (Прилог број 3).
- Превземени се обврски за набавка на стоки и услуги без спроведена постапка за јавна набавка во износ од 57.633 иљади денари (Прилог број 4).
- Превземени се обврски над износите од договорите во износ од 535 иљади денари (Прилог број 5).
- Склучен е Договор бр.01-554/10 од 10.02.2004 година на износ од 3.729 иљади денари по претходно спроведена постапка за набавка со прибирање на понуди спротивно на член 18 од Законот за јавни набавки.

- Склучени се Договори помеѓу Медицински Центар и одделни добавувачи – застапници на странски производители, за деловно-техничка соработка заради остварување на заеднички инереси и тоа за бесплатна инсталација на одделни апарати од страна на добавувачот, за што Медицински центар се обврзува да врши набавка на определени препарати единствено од истиот за определен временски период. Медицинскиот центар поради немање финансиски средства за набавка на одделните апарати, склучува договори за ваков начин на донирање (набавка) на опрема, со што се доведува до ситуација да врши набавки на препарати по цени кои ги диктира донаторот на опремата, со што не се обезбедува фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспаретност и јавност, спротивно на член 6 од Законот за јавни набавки.

Неспроведувањата на постапки за јавни набавки создаваат можност за измами, грешки, злоупотреба, корупција и набавки по зголемени цени.

**Препорака:**
Спроведувањето на набавките да се врши во согласност со Законот за јавни набавки.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.12.1, 11.2.2, 11.2.4, 11.3.1. и 11.4.1, финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Јавна здравствена организација – Медицински центар „Др.Трифун Пановски„ – Битола на ден 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласносо важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 11.1. до 11.5. кај Јавна здравствена организација – Медицински центар „Др.Трифун Пановски„ –Битола не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Медицински центар во текот на ревизијата:

***14.1.Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба:***

- Непокриените расходи и Изворите на капитални средства се искажани во помал износ за 14.048 илјади денари, поради:
  - намалување на Деловниот фонд за износот на непокриените трошоци во износ од 16.230 илјади денари,
  - отпис на побарувања од физички лица во износ од 20 илјади денари,
  - отпис на аванси од минати години во износ од 20 илјади денари,
  - отпис на обврски кон Фондот за примени средства по основ на партиципација од минати години во износ од 2.303 илјади денари и
  - отпис на обврски кон добавувачи во земјата во износ од 80 илјади денари.
- Капиталните средства и Извори на средства за други намени се искажани во помал износ за 3.421 илјади денари поради намалување на Фондот за други намени без одлука на Управен одбор.
- Побарувањата од Владата на Република Македонија за специјални програми за јавното здравство и Пасивните временски разграничувања се искажани во помал износ за 25.779 илјади денари, поради неевидентирани фактури за извршени здравствени услуги во периодот 2001-2004 година.

- Сомнителните и спорните побарувања се искажани во помал износ за 758 илјади денари, Пасивните временски разраничувања во помал износ од 498 илјади денари, а Побарувањата од правни и физички лица во поголем износ за износ од 260 илјади денари, поради неевидентирани утужени побарувања за извршени здравствени услуги и побарувања од работници за кусоци.
- Обврски кон добавувачи во земјата за набавка на услуги се искажани во поголем износ за 2.857 илјади денари, а во помал износ се искажани обврските кон добавувачи за услуги набавени од страна на Фондот за здравствено осигурување, поради погрешно евидентирање во сметководствената евиденција.
- Обврските за примени аванси како и Активните временски разграничувања се искажани во помал износ за 222.861 илјади денари поради неевидентирање на повеќе примените средства од Фондот над износот на фактурите за извршени здравствени услуги.

15. Во тек се судски постапки, чиј исход ќе има влијание на износот на побарувањата и обврските на Медицинскиот центар и тоа: за утужени побарувања од правни и физички лица за извршени здравствени услуги во износ од 3.770 илјади денари и судски постапки во кои тужена страна е Медицинскиот центар по основ на обврски кон добавувачи на набавка на лекови и материјали, 53 работни спорови од кои 11 се во вредност од 3.400 илјади денари и 42 за кои во моментот на поднесување на тужбата не е одредена вредноста на спорот.
16. Со примена на постапките за независно усогласување за побарувањата, од вкупно испратените конфирмации добиени се 21,43%, од кои 100% не се усогласени со евиденцијата на Медицинскиот центар. Со примена на постапките за независно усогласување за обврските, од вкупно испратените конфирмации добиени се 14,58%, од кои 28,57% се усогласени, додека 71,43% не се усогласени со евиденцијата на Медицинскиот центар.

17. Поради ненаплатени обврски кон доверители за извршени набавки и услуги, обврски кон вработени, согласно рокот за плаќање и поведените судски постапки, надлежниот суд во текот на 2004 година има донесено Извршни судски решенија во вкупен износ од 13.639 илјади денари, кои се доставени и до банката носител на платниот промет на Медицинскиот центар. Поради ваквиот начин на извршување на паричните побарувања, сметката на Медицинскиот центар во втората половина на 2004 година е блокирана, со исклучок на деновите во кои се исплаќа плата и надоместоци на вработените, како и плаќања за извесни итни набавки. Блокадата на сметката, во голема мера го отежнува целокупното работењето на Медицинскиот центар.

18. Медицинскиот центар заклучно со 31.12.2004 година има склучено 105 договори за дело за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос. На барање на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, а врз основа на Заклучокот од седницата на Владата на Република Македонија одржана на 29.12.2003 година за подготвување на листа на слободни работни места во јавните здравствени установи, доставена е информација со писмо број 01-29/2 од 29.01.2004 година за потреба од 166 нови вработувања на испразнети работни места, за кои во текот на 2004 година е добиена согласност од Министерство за финансии за 16 нови вработувања.

    Потенцираме, дека иако станува збор за работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, со склучувањето на договорите лицата согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност го губат

статусот на осигурени лица како невработени лица кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување со што не им се обезбедени никакви права од работен однос меѓу кои и правото од задолжително здравствено осигурување.

19. Правните следбеници на Јавната здравствена организација– Медицински центар „Др.Трифун Пановски„ – Битола, во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија превземаат мерки за воспоставување систем на договорно финансирање.
    Во таа насока во тек е усогласувањето и одобрувањето на изготвените Проекции и согледувања за приходите и расходите по намени за 2005, 2006 и 2007 година од страна на Фондот, согласно усвоените Процедури за подготвување, извршување и известување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и за Буџетите на јавните здравствени установи.
    Согласно Акциониот план на Фондот и Процедурите за подготвување и известување на Буџетот на Фондот и за Буџетите на јавните здравствени установи, Управниот Одбор на Фондот на седницата одржана на 22.11.2005 година донесе Одлука за утврдување на буџетските плафони на јавните здравствени установи за 2006 година. Буџетскиот плафон е утврден на ниво на Медицински центар, кој треба да се разграничи на Клиничка болница и Здравствен дом, согласно делбениот биланс на наведените здравствени установи.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 08.02.2006 година**

**Владимир Милојевиќ**

**Јавна здравствена организација - Медицински центар "Др. Трифун Пановски" - Битола**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004 и 2003 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.3. | 94,021 | 63,213 |
| Капитални приходи | 3.4. | - | 152 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 754,157 | 790,080 |
| **Вкупно приходи** | | **848,178** | **853,445** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 472,527 | 511,737 |
| Стоки и  други услуги | 3.1.2. | 380,093 | 359,695 |
| Каматни плаќања | 3.1.3. | 2,814 | 2,771 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **855,434** | **874,203** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 8,975 | 6,994 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **8,975** | **6,994** |
| **Вкупно расходи** | | **864,409** | **881,197** |
| **Непокриени расходи** | | **16,231** | **27,752** |

**Јавна здравствена организација - Медицински центар "Др. Трифун Пановски" - Битола**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 292 | 5,351 |
| Хартии од вредност | 4.1.2. | 1 | 8 |
| Побарувања | 4.1.3. | 96,523 | 18,252 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 4.1.4. | 56 | 40 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5. | 380,492 | 67,376 |
| Залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар | 4.1.6. | 30,880 | 36,829 |
| **Вкупно тековни средства** | | **508,244** | **127,856** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | | |
| Капитални (материјални) средства | 4.2. | 239,362 | 312,061 |
| Природни богатства | 4.2. | 6,595 | 6,595 |
| Други капитални вложувања | 4.2. | 12,935 | 12,935 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2. | 8,110 | 0 |
| Долгорочни пласмани | 4.2. | 9,367 | 12,344 |
| **Вкупно капитални средства** | | **276,369** | **343,935** |
| **Други долгорочни кредити и заеми и дефицит на буџетот** | 4.3. | **14,048** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **798,661** | **471,791** |
| **Вонбилансна евиденција** | **4.4.** | **48,849** | **4,686** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.5.1. | 321,278 | 224,927 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.5.2. | 9,205 | 2,401 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 4.5.3. | 1,022 | 585 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.5.4. | 31,102 | 17,206 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 4.5.5. | 222,861 | 9,372 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.5.6. | 84,275 | 16,616 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **669,743** | **271,107** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.6.1. | 122,105 | 197,292 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **122,105** | **197,292** |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | 4.6.2. | **6,813** | **3,392** |
| **Вкупна пасива** | | **798,661** | **471,791** |
| **Вонбилансна евиденција** | 4.7. | **48,849** | **4,686** |

**Јавна здравствена организација - Медицински центар "Др. Трифун Пановски" - Битола**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Средства за други намени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **174,735** | **22,557** | **3,392** | **200,684** |
| | | | | **-** |
| **Зголемување по основ на:** | **61,920** | **166,061** | **3,421** | **231,402** |
| Набавки | 18,550 | 164,551 | - | **183,101** |
| Пренос од материјални средства во подготовка | 24,270 | - | - | **24,270** |
| Неправилна сметководствена евиденција | 2,312 | - | - | **2,312** |
| Зголемување на главница | 444 | - | - | **444** |
| Зголемување по прифатени корекции од ревизија | 16,344 | - | 3,421 | **19,765** |
| Вишок по попис | - | 1,510 | - | **1,510** |
| **Намалување по основ на:** | **(132,871)** | **(170,297)** | **-** | **(303,168)** |
| Потрошок | | (170,297) | - | **(170,297)** |
| Амортизација | (110,794) | - | - | **(110,794)** |
| Неправилна сметководствена евиденција | (19,765) | - | - | **(19,765)** |
| Намалување по прифатени корекции од ревизија | (2,312) | - | - | **(2,312)** |
| | | | | **-** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **103,784** | **18,321** | **6,813** | **128,918** |



**-----------------------------**